**ЛОКОМОТИВА**
**Центар за нови иницијативи во уметноста и културата**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2015

# I. КРАТОК ОПИС НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Локомотива е мала организација, но е многу активен учесник во градењето и развојот на демократскиот социо-културен простор во Македонија и регионот на поранешна Југославија. Преку нејзините активности, Локомотива има за цел да овозможи подобар пристап на граѓаните до уметничките и културни настани и проекти и да влијае на развојот и поддршката на современа и динамична уметност и култура, како поттик во развојот на демократското општество.
Локомотива е една од најпочитуваните непрофитни организации во областа на уметноста и културата во регионот на поранешна Југославија, како и во Европа. Нејзината репутација се должи на развојот и успешното спроведување на бројни проекти. Проектите во себе обединуваат активности во доменот на образование и развој на професионални капацитиети, современа уметничка продукција, културно-уметничка размена и соработка, истражувања во доменот на културните политики и современите уметнички и образовни практики, организирање на дискусии и дебати, и многу повеќе. Во реализација на проектите, организацијата и дава приоритет на регионалната и меѓународната соработка. Локомотива е ко-основач на проектот - мрежата на НОМАД танцова академија, ЈАДРО – Асоцијацијата на независна културна сцена во Македонија и Регионалната мрежа за културен развој на Пелагонискиот плански регион. Локомотива е основач на фестивалот за современ танц и перформанс - Локомоушн. Од своето основање, организацијата има активна улога во развојот на локалните културни политики.

**Визија**
Локомотива е центар кој овозможува креативна реализација на идеи и критичко промислување, која дејствува како платформа за образование и поддршка на развојот на културата и уметноста заради остварување на прогресивни социо-културни промени во заедницата.
**Мисија**
Локомотива е граѓанска организација која создава нови можности за креирање, развој и делување на професионалците во полето на современата култура и уметност.
Локомотива ова го остварува преку создавање на нови модели на соработка, истражување, застапување за креирање на развојни културни политики на локално, регионално и меѓународно ниво, како и градење на потребните капацитети во заедницата.

**Стратешки цели 2014-2016**
- Зајакнување на капацитетите на образовните институции и професионалците во полето на културата во РМ
- Креирање на систем за едукација во поле на менаџмент во културата и уметноста и културна политика во РМ
- Креирање на системи и механизми за меѓународна соработка во полето на културата
- Создавање на нов модел на културна институција во РМ

**Целни групи:**
- Уметници: млади танчери и кореографи (студенти по музика и балет во средно училиште, студенти по современ танц на отсекот за балетска педагогија при Музичкиот факултет, самостојни кореографи и танчери од балканскиот регион, студенти и дипломирани театарски режисери и глумци, и.т.н), млади филмски работници и визуелни уметници (студенти и дипломци од Факултетот за Драмски уметности и независни филмаџии и глумци);

- Културни работници од граѓанскиот сектор, неформални уметнички асоцијации, артивистички и активистички групи, маргинализирани и суб-културни групи кои го претставуваат независниот културен сектор и слични организации кои работат во полето на родовата сензибилизација и граѓанските права;
- Национални и локални јавни културни и образовни институции во земјата;
- Креатори на политики, носачи на одлуки на локално, национално и регионално ниво.

**Основачи на Локомотива – 2003 година:**
Биљана Тануровска, Искра Шукарова, Наташа Димитриевска, Љупчо Тануровски, Илчо Цветкоски.
**Основачи на Локомотива – 2011 година, пререгистрација на организацијата согласно Закон за здруженија и фондации (донесен 16.04.2010):**
Биљана Тануровска Ќулавковски, Искра Шукарова, Наташа Димитриевска, Љупчо Тануровски, Виолета Качакова.

**Менаџерски тим на Локомотива во 2015 година**:
Биљана Тануровска – Ќулавковски - извршен директор/програмски уредник
Виолета Качакова - проектен менаџер/програмски уредник, културна политика
Катарина Тоциноски – асистент проект менаџер
Климент Попоски – администрација и финансиски координатор

**Соработници на програмата:**
Искра Шукарова - член на Локомотива и ко-прогамер на Локомоушн-фестивал за современ танц и перфроманс
Наташа Димитриевска - член на Локомотива, уметнички соработник во полето на современите визуелни уметности
Љупчо Тануровски - член на Локомотива, техничка поддршка

**Останати соработници:** Драгана Заревска, Александар Георгиев, Викторија Илиоска, Елена Ристеска, Сабрина Железник.

**Мрежи:**
**Локомотива е еден од иницијаторите и ко-основачи на:**
- *Balkan Express Network*
- *Balkan Dance Network*
- *NOMAD Dance Academy* - http://www.nomaddanceacademy.org/
- ЈАДРО- Асоцијација на независната културна сцена во Македонија - http://www.jadroasocijacija.org.mk
- Кооператива – Регионална платформа за култура - http://platforma-kooperativa.org/mk/about/who-we-are/

**Програми**
Во рамките на програмските целини на Локомотива се реализирани бројни културни и уметнички проекти и активности: уметнички перформанси, современо-танцови и филмски продукции, предавања, дебати, презентации, работилници, конференции, едукативно - развојни проекти, истражувања итн.
Она што ги поврзува сите програми е преисчитување на продукциските модели, образовните пракси, институционалните пракси и општествените дискурси, моделите на здружување и партнерска соработка. Преисчитувањето и критичкото промислување овозможува развој и застапување на потребите условени од општествените промени. Сите програми имаат цел да понудат нови пристапи и модели на соработка, продукција и едукација кои допринесуваат во општествениот развој и демократско живеење.

Во своите програмски целини Локомотива развива интередисциплинарен пристап и во своите програми вклучува активности кои го поддржуваат професионалниот развој и доживотното учење преку едукација, креација и продукција, уметничка размена, дифузија, истражување, предавања, презентации, јавни дебати и вмрежување, а истиот е застапен и акцентиран со посебна намена во рамките на конкретна програмска активност.

## II. ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИНИ И АКТИВНОСТИ НА ЛОКОМОТИВА РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2015 г.

### 1. РЕФЛЕКСИИ

Програма за истражување и развој на културните политики и застапување на потребите на заедницата

- 1.1 Програма за Децентрализирана соработка помеѓу Македонија и Долна Нормандија
- 1.2 Активности во рамки на ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена во Македонија
- 1.3 Кооператива – регионална платформа за култура

### 2. ПЛАТФОРМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ (УМЕТНОСТ и КУЛТУРА)

Програма за долгорочно учење и развој на професионалните капацитети во полето на уметноста наменета за уметниците, теоретичарите, критичарите на уметноста, социолозите и културните работници од НВО секторот и членовите на организацијата.

- 2.1 *Life Long Burning*
- 2.2 ЛОКОМОУШН- Фестивал за современ танц и перформанс
- 2.3 АПАП – Европски проект за унапредување на изведувачките уметности, програма ЛИБЕРО за поддршка на продукција на современи танцови дела
- 2.4 Соработка со Номад танц академија – проект Генератор

### 3. Проект КИНО КУЛТУРА

## ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ЛОКОМОТИВА РЕАЛИЗИРАНИ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИНИ ВО 2015 г.

### 1. <u>РЕФЛЕКСИИ</u>

Програма за истражување и развој на културните политики и застапување на потребите на заедницата.
Оваа програма е наменета за иницирање на реформи во уредувањето на системот во кој се одвива културниот развој во земјата. Програмата се спроведува преку неколу проектни активности во рамки на кои се застапува потребата на одредени засегнати страни.
Ние сметаме дека прашањето на културата е едно од најважните општествени прашања кое влијае на севкупниот општествен развој. Постои ургентна потреба за поинакво промислување на врските и влијанијата помеѓу општеството и културата со цел да се стимулира дијалог, да се зајакнат компетенциите на учесниците и да се зајакнат демократската култура и културата на демократијата.
Да се обезбеди плурализмот и диверзитетот на уметнички израз во едно општество значи да се изгради систем кој тоа ќе го поддржува, односно систем кој ќе поддржува нов, современ, слободен авторски израз и жива уметност.
Преку оваа програма Локомотива се стреми да влијае и допринесе во градењето на тој систем.

## 1.1 ПРОЕКТ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА ФРАНЦИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Децентрализираната соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија (Франција) и Република Македонија започна во 2007 година. Асоцијацијата на Агенции за локална демократија (АЛДА) е генерален координатор на сите активности. Програмата за децентрализирана соработка е финансиски поддржана од страна на регионот Долна Нормандија и Министерството за надворешни работи на Франција.

Активностите спроведени од Локомотива како дел од програмата опфаќаат активности во полето на *културните политики* (креирање на стратегии за локален/регионален културен развој, децентрализацијата во културата, вмрежување на засегнатите страни во културата, професионален развој на вработени во општини и културни институции, размена на искуства, знаење и добри практики итн.) *уметничка соработка и размена* (уметнички ко-продукции и резиденции) и *креативни индустрии* (развој и осовременување на занаетчиството прку современи уметнички практики).

Во рамки на програмата за децентрализирана соработка помеѓу Македонија и Долна Нормандија, во 2014 година се отвори нов програмски циклус, кој маркира два важни моменти од светската историја: 70 години од денот Д, и битката во Нормандија и 100 години од Првата Светска Војна. Овој историски момент беше земен во предвид кога се дефинираа приоритетните теми на соработката: сеќавање, мир и помирување, културно и природно богатство и човекови права. Во овој програмски циклус, Локомотива ја продолжува успешната соработка со францускиот партнер – Мешаниот синдикат од областа на заливот Мон Сен Мишел и го спроведува проектот Културата во улога на територијален развој и социјална кохезија, заедно со програмата за уметничка соработка и размена.

Во 2015 година во рамки на *програмата за уметничка соработка и размена* се реализира и проектот „Пишување и режија, денес“ – фестивал на современи дела, 18то издание посветено на македонската драматругија, кој претставува партнерски проект на Локомотива, Скопје, МНТ и Панта театар од Каен, регион Долна Нормандија. Притоа во рамки на проектот се оствари директна соработка помеѓу француски и македонски драмски автори, режисери (Гиј Деламот, Сабин Ревије, Дејан Дуковски, Срѓан Јаниќијевиќ, Нела Витошевиќ, Горјан Милошевки и Мартин Кочовски) и француски и македонски актери. Целта на оваа соработка беше промоција, креативно истражување и работа на три современи македонски и една француска драма, кои беа претставени пред француска и македонска публика. Од оваа соработка произлезе меѓусебно запознавање и промоција на современата француска и македонска драма, превод на три современи македонски драми на француски јазик и нивно поставување пред француската публика („Утерус” на Дејан Дуковски, „Шехерезада” на Срѓан Јаниќијевиќ и „Човекот кој не знаеше да каже НЕ!” на Горјан Милошевки) и превод на една современа француска драма на македонски јазик и нејзино поставување пред македонска публика („Пардон“ на Сабин Ревије), во соработка со пет македонски актери од Македонскиот народен театар.
Во рамките на оваа програмска линија Локомотива организираше двонеделна уметничка резиденција на македонскиот визуелен уметник Иван Ивановски во уметничката асоцијација *2angles* во градот Флер, Долна Нормандија. На крајот на резиденцијата Ивановски направи презентација на своето дело, уметничка инсталација во простор „*Напуштен/и град/ови*“ пред уметничката заедница и публиката во градот Флер. Уметничката рездиеција се реализира со финасика

поддршка на Министерство за култура на Р.Македонија, уметничката асоцијација 2angles и регионот Долна Нормандија,

Во рамки на проектот (2014-2016): Културата во улога на територијален развој и социјална кохезија, Локомотива започна со работа на проектниот сегмент – *Музеј на женски приказни*.

Музеј на женски приказни произлезе од идејата да се истражи, согледа и (ре)афирмира улогата на жената во општествено-политичкиот, социјалниот и семејниот контекст преку исчитување на културните значења, симболи, асоцијации, задскриени зад историските факти, од првата половина на 20-тиот век во Битола, Прилеп и Крушево со околината на Пелагонискиот регион. За таа цел во 2014/2015 година се спроведе истражување. Методологијата на истражувањето се базира на собирање информации од различни референтни извори: книги, есеи и научни и историски текстови; сеќавања, мемоари и реминисценции од архивите во градовите и фото-архивите; интервјуа; веќе направени студии, извештаи и истражувања; јавни дискусии – проследени со филмски проекции во Битола, Прилеп и Демир Хисар, во кои земаа учество Ѓорги Пулевски, Сенка Анастасова и Ирена Цветковиќ. Институционални соработници во спроведување на истражувањето во 2014 година се: НУ Заводи и Музеј Битола, НУ Заводи и Музеј Прилеп, Државен архив – одделенијата во Битола и Прилеп, Историски музеј Крушево, НБУЦ св.Климент Охридски, Институт за историја, Организација на жени Битола.

Резултатите од истражувањето се артикулираа во аудио-визуелна изложба, проследена со дискусии и публикација. Изложбата се состои од 12 цртежи чии автор е Христина Иваноска, 12 печатени табли со текст – вовед во изложбата и имиња на сите жени со кои се сретнаа во текот на истражувањето и аудио материјал кој се состои од извадоци од текстот „Гласот на сенката” на Искра Гешоска прочитани од актерката Милица Стојанова. Изложбата се постави во три градови: Битола во НУ Заводи и Музеј, Прилеп во НУ ЦК Марко Цепенков и Крушево во НУ Историски музеј - Уметничка галерија „Никола Мартиноски“ и беше проследена со разговори во кои земаа учество: Александар Литовски, Ѓорги Пулевски, Љупчо Печијарески, Рубин Белчески, Зоран Богески и ко-автроките на проектот: Искра Гешоска, Христина Иваноска, Виолета Качакова и Биљана Тануровска-Ќулавковски.

Работејќи на оваа специфична тематика се заклучи дека не постои доволно референтен материјал кој се бави со оваа спецификација, а се однесува директно на македонскиот контекст, (дис)континуитетот и состојбите на емнципацијата на жената во поширокиот опсег. За таа цел во 2016 година, ќе следи издавање на публикација – компилација од текстови на македонски автори (историчари , кустоси, професори, социолози, културни работници, политиколози), кои од различен аспект ја третираат и истражуваат оваа проблематика.

## 1.2 ЈАДРО – АСОЦИЈАЦИЈА НА НЕЗАВИСНАТА КУЛТУРНА СЦЕНА

Локомотива е еден од иницијаторите и основачите на ЈАДРО – асоцијација на независната културна сцена. Станува збор за непрофитна, инклузивна, партиципативна и застапувачка платформа која се стреми да го зајакне независниот културен сектор и неговото влијание врз креирањето и практикувањето на културните политики, со цел да ги поттикне процесите на демократизација во културата и пошироко, во општеството и во граѓанскиот сектор. ЈАДРО има за цел да воспостави дијалог и партнерска соработка со националните и локални институции на културата како и со останатите сродни сектори (едукација, европски интеграции, меѓународна соработка, млади, човекови права) со цел подобрување на условите за работа на граѓанскиот сектор во доменот на културата и учество во процесите на донесување одлуки и креирање политики. Двајца од членовите на

Локомотива се активно вклучени во работата на мрежата – Биљана Тануровска Ќулавковски е во Управниот Одбор, а Виолета Качакова во Надзорниот Одбор.

Активности на ЈАДРО во 2015:
Во март 2015 година, ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена, организираше јавна расправа на која се претстави потребата и можниот модел за формирање на мешовита установа, хибридна институција која ќе биде првиот пример за јавно-цивилно партнерство во Македонија. Овој модел - нов тип на институција беше разработен од страна на членовите на Јадро преку низа средби, работилници и истражување на законските можности, реализирани во текот на 2014 година. На јавната расправаземаа учество широк фронт на претставници од граѓанскиот сектор, уметници, културни работници и други заинтересирани страни, како и преставници на локалната самоуправа и централните власти. Овој модел, втемелен на партнерство помеѓу локална власт и граѓанска мрежа (составена од организации, поединци и неформални групи) обезбедува суштинска децентрализација на моќта и создавање на организациска и програмска автономија на делување во сферата на културата во рамки на граѓанскиот сектор но и пошироко.

ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена со протестна загриженост реагираше на тенденциите за преиначување и неодговорно интервенирање во срцевината на културното наследство и социо-културната меморија. Оттаму, Јадро ја поддржа граѓанската иницијатива „Го сакам ГТЦ“, со цел зачувување на оргиналниот архитектоснки изглед на Градскиот трговски центар во Скопје, чие опстојување треба да биде симболички означувач за нашата свесност за заедничкото граѓанско урбано наследство и паметење.

Во текот на 2015 година се реализираа состаноци на телата на ЈАДРО во насока на развој на иницијативата за основање на новата институција базирана на јавно-цивилно партнерство во соработка со о.Центар, а при крајот на годината и состаноци за планирање на Собранието на ЈАДРО, кое ќе се случи во 2016 година.

### 1.3 КООПЕРАТИВА – РЕГИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА КУЛТУРА

Кооператива - регионална платформа за култура е регистрирана во август 2012 година во Загреб, како невладина, непартиска и непрофитна асоцијација на правни лица. Кооператива е регионална мрежа на организации кои работат во областа на независната култура и современата уметност во Југоисточна Европа. Кооперативата заеднички ја основаат 21 организација за независна култура од земјите на регионот: Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Косово, Македонија, Словенија и Србија, кои се активни во сите области на современата културна и уметничка креативност. Локомотива е еден од ко-основачите на оваа платформа.
Во месец јули 2015 година во Загреб се организираше годишно Собрание на членовите на Кооператива. Истовремено, членовите на Кооператива реализираа средби со Национална заклада за развој на цивилно друштво од Загреб, Хрватска која го поддржува делувањето на оваа платфрома. Средбите беа насочени кон планирање, начин на работа и отпочнување со работа на новиот – регионален тематски фонд, финансиски поддржан од Национална заклада за развој на цивилно друштво од Загреб, Хрватска. Фондот ќе поддржи развој на различни проекти во доменот на современта култура и уметност реализирани од страна на членките на платформата во соработка со партнери од регионот на Југоисточна Европа. Главната цел на овој фонд е да обезбеди стабилна рамка за долгорочна и оддржлива соработка, развој на проекти, како и програма која ќе ја зацврсти

размената на актерите на граѓанското општество во областа на културата на регионално ниво.

## 2. ПЛАТФОРМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ (УМЕТНОСТ И КУЛТУРА)

Програма за долгорочно учење и развој на професионалните капацитети во полето на уметноста наменета за уметниците, теоретичарите, критичарите на уметноста, социолозите и културните работници од граѓанскиот сектор и членовите на организацијата.

### 2.1 LIFE LONG BURNING

Локомотива, Скопје заедно со уште два партнери од мрежата Номад танц академија, Тала данс центар од Загреб и Станица од Србија во 2013 година влегоа во уште еден петгодишен европски проект – Life Long Burning. Овој проект е продолжување на претходниот европски петгодишен проект Градина на Европа, со проширување на полето на делување и бројот на партнери вклучени во негова реализација.
И овој проект е поддржан од програмата Култура 2007 – 2013 на (Дел 1.1 Повеќегодишни проекти за соработка).
Партнери во проектот:
Координатор: *DanceWeb* од Австрија
Партнери и ко-организатори: Локомотива (Македонија), *4Culture* (Романија), *CCN Montpellier* (Франција), *Cullberg Ballet* (Шведска), *Het Veem Theater* (Холандија), *Station* (Србија), *Tala Dance Center* (Хрватска), *Uferstudios* (Германија), *Ultima Vez* (Белгија), *Workshop Foundation* (Унгарија) и *Workspacebrussels* (Белгија).

Главната цел на проектот е создавање на средина која ќе поддржува континуиран развој на современиот танц во Европа како релевантна уметничка форма која го поддржува културниот како и социо-економскиот развој на општествата.

Локомотива како коорганизатор рамноправно учествува во сите програми и активности на проектот. Активностите кои ќе се одвиваат во рамки на проектот од 2013 – 2018 се следните:

- *Prix Jardin d'Europe* – европска награда за нови кореографи
- *European PR Platform* – платформа за односи со јавност
- *Dance Works*- Копродукции и танц продукции
- *Critical Practice* – програм за критичари и теоретичари за танц
- *DanceWeb* – тренинг програма за млади кореографи и танчери
- *Wild Cards* – поддршка за уметнички развој преку резиденции и работилници
- *The Performance Situation Room* – истражување и нови модели за размена на знаење
- *Teachback*- истражување во полето на танц едукација
- *Dance Fiction* – *open source* документација/публикации за проектните активности
- *Susy- support system* – едукација и развој на танц администратори

Активности реализирани во 2015 година:
*1. Performace Situation Room / Nomad Dance Institute,* програмска линија – ADVOCATES OF DANCE – Интернационален настан за застапување во современите изведувачки уметности (Софија, 13 – 15 мај 2015)
Целта на овој настан беше да воспостави дијалог и соработка помеѓу независните уметници и културни работници и креаторите на политики на локално, национално, регионално и на европско ниво со цел да се развијат механизми за поддршка на регионалната соработка и развој на современите изведувачки уметности. Овој настан е продолжение на интернационалниот настан од застапувачки карактер кој се оддржа во Скопје во 2012 година. Настанот во Софија беше организиран од партнерите на НОМАД танц академија мрежата: Номад танц академија и Бреин Стор проект од Софија, Локомотива Скопје, Станица Белград, Тала данс центар

Загреб и Номад танц академија Љубљана. На настанот присуствуваа 64 меѓународни и локални учесници – членови на НОМАД танц академија мрежата и партнери на проектот *Life Long Burning*, уметници, институционални партнери, експерти по културни политики и професионалци во полето на современиот танц, носители на одлуки – креатори на културни политики на локално и национално ниво (претставници на локални власти и Министерства за култура од 15-тина европски земји), како и претставници на регионални фондови и европски тела за финансирање на програми од областа на културата. Програмата се состоеше од работни-тематски сесии (дискусии, презентации, работа во групи, интервјуа итн). Основни тематски линии како дел од програмата беа: развој на институција за современи изведувачки уметности (модели и начин на работа), развој и јакнење на локалните сцени за современи изведувачки уметности преку националните и локални културни политики и регионалната соработка, финансирање на културата – национални и регионални фондови, фондови на ЕУ, потреба од поддршка на повеќегодишни проекти и воспоставување на механизми за ко-финансирање на локално и национално ниво итн.

2. *Performace Situation Room / Nomad Dance Institute,* програмска линија – EX- F(V)OLK DANCE

Проектот EX- F(V)OLK DANCE како својата првична цел го постави истражувањето на односите помеѓу „традиционалното“ и „современото“, преиспитувајќи ги и вкрстувајќи ги во различни социо-политички контексти. Локомотива во 2015 ја поддржа средбата на дел од креаторите на овој проект (Драгана Алфиревиќ и Гизела Мулер) во Љубљана, мај 2015 година. Како продолжение на овој проект Локомотива го организира и следниот  состанок во февруари 2016 во Скопје.

3. *Критичка Пракса - Critical Practice (Made in Yugoslavia)*

Програмата на Критичка Пракса е уредена од Локомотива- Скопје (водена од Биљана Тануровска-Ќулавковски), Станица- Белград (водена од Маријана Цветковиќ-Марковиќ) во соработка со Ана Вујановиќ, како ментор на програмата. Оваа програма е замислена како школа за критика која ќе работи во континуитет 4 години и која има за цел да обучи млади и нови кадри во полето на теорија на современ танц и културна политика, како алатка за читање на новите современи дела, нивно презентирање и претставување пред професионалната и пошироката јавност. Учесници на програмата во 2015 година се седум млади теоретичари, критичари и истражувачи во полето на танцот и културните политки од седум земји во Европа. Во 2015 програмата се реализира преку работилници и работни сесии во Белград, Амстердам и Скопје. Програмата во Скопје се имплементира во периодот помеѓу 24 и 26 Октомври, како дел од осмото  издание на фестивалот за современ танц и перформанс – Локомоушн. Покрај секојдневната едукативна програма водена од менторката Ана Вујановиќ, учесниците за време на престојот во Скопје имаа можност да се запознаат со претставници на незавнисната културна и уметничка сцена од градот во рамки на панел дискусија, да ја проследат програмата на фестивалот и да дадат критичка рефлексија на прикажаните дела која беше снимена и подоцна објавена он лајн во рамки на проектот Радио Слободно Скопје на уметникот Ѓорѓе Јовановиќ.

4. *Dance Works,* програмска линија, ко-продукција на делото *Imperceptible Departure,* во кореографија на Андреја Подрзавник од Словенија.

Делото „*Imperceptible Departure*“ се реализира како копродукција помеѓу Локомотива, Скопје, Завод Федерација, Љубљана и Креативната лабараторија за современ театар Крила од Риека, во партнерство со Музејот за модерна уметност од Љубљана и Музејот за модерна и современа уметност од Риека.

5. *Performace Situation Room / Nomad Dance Institute,* програмска линија АРХИВА – истражувачка платформа на историите на современиот танц на Балканот.

Локомотива е ко-организатор на АРХИВА – истражувачка платформа на историите на современиот танц на Балканот, и е одговорна за спроведување на истражување поврзано со современиот танц и перформанс во Македонија во периодот помеѓу 70тите и 90тите години на 20 век. Во периодот 30 ноември – 03 декември во Љубљана, во рамки на Ко-фестивал се реализираше средба на партнерите и истражувачкиот тим на проектот со цел презентација на работата реализирана до тогаш и план на работата во периодот што следи.

### 2.2 ЛОКОМОУШН - ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕН ТАНЦ И ПЕРФОРМАНС

***Локомоушн*** има за цел да ги презентира најновите остварувања во доменот на современите изведувачки уметности (современ танц, перформанс, театар) во Европа, регионот и Македонија, и да отвори дискурс за позицијата на оваа современа уметничка форма во Европа и кај нас.

*Главната цел* е преку прикажување на најнови авторски остварувања да се одбележат новите тенденции на европската, регионалната и македонската сцена и да се прикажат новите иновативни уметнички тенденции и истражувања кои преку овој фестивал ќе ја позиционираат Македонија, на светската карта на современите изведувачки или перформативни уметности како и да овозможиме следење на регионалната и интернационалната сцена.

Иновативноста и интердисциплинарниот пристап во развојот на Локомоушн овозможуваат воведување на нови модели на курирање, креирање на програмските содржини и соработка помеѓу различни културни актери и професионалци од полето на современтите изведувачки и сродни дисциплини.

Фестивалот е замислен, не само како презентација, туку и како проширување на границите на современите изведувачки уметности (современ танц, перформанс, театар на тело, пост драмски – театарски перформанс, музички и визуелен перформанс) преку програми како *работилници, дебати и дискусии* кои би развиле различни дискурси за позицијата на оваа уметност во европски, регионални и локални рамки. Локомоушн со своите програмски содржини влијае на професионалците во Македонија поинтензивно да се инволвираат во развојот на современите изведувачки или перформативни уметности на национално ниво. Исто така, со овој проект се поддржува развојот на локалната сцена, и се отвара можност за контекстуализација на развојот на современиот танц во пошироки регионални рамки, а со тоа овозможува и поголема видливост на Македонската современа уметничка сцена и во интернационални рамки.

Фестивалот настана како иницијатива на Локомотива, и во партнерство со шест организации од регионот основачи на Балканската танцова мрежа и проектот НОМАД танц академија. Идејата беше да се воспостават неколку фестивали во регионот со што ќе отворат простори каде ќе може да се продуцира, гледа современа изведувачка уметност, простори кои не постојат и треба да се создадат. Покрај Локомоушн, се основаа и фестивалите: Конденз во Белград, Зврк во Сараево, Антистатик во Софија и Плескавица во Љубљана.

**<u>ЛокоМоушн 2015</u>**

Осмото издание на фестивалот се реализира во периодот од 24.10—28.10.2015 година во Младинскиот културен центар (МКЦ). И покрај повторната тешка финансиска состојба оваа година ЛокоМоушн се одвиваше под неизмерна поддршка на локалните културни соработници и пријатели, од една страна и локалните и интернационалните фестивалски гости од друга страна, кои ја сочинуваа и уште еднаш поддржаа потребата за културната и уметничка сцена, преку осмото фестивалско издание на ЛокоМоушн 2015 година. Целокупната фестивалска програма на Локомоушн#8 беше поддржана од општина Центар преку проектот КИНО КУЛТУРА, Гете Институт Скопје и Министерство за култура на Р. Македонија. Локомоушн#8 претстави дела на автори од Португалија, Србија,

Хрватска, Белгија, Германија, Македонија, работилница на Анита Чари од САД - критички теоретичар, креативен автор, професор на политичка наука на Универзитетот во Орегон, САД и промоција на нејзината книга: „Политичка економија на сетилата: Неолиберализам, Реификација, Критика“ [Колумбија пресс, октомври 2015], модерирани дискусии со авторите-гости на фестивалот и презентации на истражувања.

Како дел од фестивалот се оддржа и програмата КРИТИЧКА ПРАКСА Made In YU (проект: Life Long Burning). Во текот на овој фестивал Локомотива организираше критички рефлексии на делата презентирани во ова фестивалско издание. Овие рефлексии (разговори) беа проследени како дел од проектот „Радио Слободно Скопје“, на македонскиот уметник Ѓорѓе Јовановиќ.

Програма на ЛокоМоушн #8
Сабота 24.10.2015
**20:00 НА ТРАКА**/ Авторство и изведба: Игор Коруга / @ МКЦ
**21:30 -das marionette- : Saudade/** Изведува: Adriana La Selva (Адриана Ле Селва), музичка изведба Arnaud Stox (Арно Стокс) / @ МКЦ
Недела 25.10.2015
**20:00 VERFREMDUNGSZWECKE/ Purpose Of Alienation / УПОТРЕБА/ Целта на отуѓувањето/** @ МКЦ
кореографија: Angela Kecinski (Ангела Кецински)/ изведуваат: Teresa Hoffmann, Angela Kecinski, Elisabeth Leopold, Patricia Mai (Тереса Хофман, Ангела Кецински, Елизабет Леополд, Патрициа Маи)
Понеделник 26.10.2015
**20:00 MOVEMENT OF LOVE**/ Движење на љубовта / автор Sabrina Železnik (Сабрина Железник)/ презентација на истражување **/** @ МКЦ
**21:00 MRF** / Ко-автори, изведувачи, музика и текст: Драгана Заревска и Александар Георгиев / презентација на истражување **/** @ МКЦ
Вторник 27.10.2015
**12:00 ОТЕЛОТВОРУВАЊЕ НА КРЕАТИВНИОТ ПРОЦЕС: ДВИЖЕЊЕ, КОНТАКТ, ПОТЕНТНОСТ**/ Работилница на Anita Chari (Анита Чари) **/** @ МКЦ
**20.00 ПРОМОЦИЈА НА ТЕОРИСКА КНИГА ОД АНИТА ЧАРИ** (Универзитет Орегон, Соединети Американски Држави) во разговор со Сенка Анастасова (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје) / Политичка економија на сетилата: Неолиберализам, Реификација, Критика (Колумбија пресс, октомври 2015), разговор: Проф. Д-р Сенка Анастасова со Проф. Д-р Анита Чари / @ МЕНАДА
Среда 28. 10. 2015
**20:00 СТАПИЦА**/ Соло на Mariana Tengner Barros **/** @ МКЦ
**21:30 НАЈДОБРАТА/ NAJBOLJA/** изведувач Најдобрата **/** @ МКЦ

### 2.3 АПАП – Европски проект за унапредување на изведувачките уметности, програма ЛИБЕРО за поддршка на продукција на современи танцови дела

Локомотива како партнер во ЛИБЕРО програмата за поддршка на продукција на современи танцови дела, во рамки на оваа соработка овозможи развој на три перформанси од македонски кореографи преку организирање на резидецнии за нивен развој во земјите партнери на проектот.

- *Резиденции за Климент Попоски, Викторија Илиоска и Тања Рибарска за развој на делото "Причини за болеста"*
  - септември, 2014 година во *Uferstudios Tanzfabrik* студио во Берлин, Германија
  - март, 2015 година во Студенски центар Загреб, Хрватска

- март/април 2015 година во Кортријк, Уметнички ценар *BUDA Kortrijk*, Белгија

- *Резиденции за Александар Георгиев и Драгана Заревска за развој на делото "Што е перформанс бе бабе?"*
  - февруари, 2015 година во Студенски центар Загреб, Хрватска
  - мај 2015 година во Кортријк, Уметнички ценар *BUDA Kortrijk*, Белгија
- *Резиденција за Искра Шукарова за развој на делото "Техники на движење/манипулација?",* во соработка со Викторија Илиоска како изведувач и Елена Ристеска како техничка поддршка
  - април 2015 година во *Uferstudios Tanzfabrik* студио во Берлин, Германија

### 2.4 СОРАБОТКА СО НОМАД ТАНЦ АКАДЕМИЈА-ПРОЕКТ ГЕНЕРАТОР

Локомотива беше соработник на организацијата НОМАД танц академија Македонија во реализација на регионалниот проект ГЕНЕРАТОР - кој се стреми да придонесе во развојот на изведувачките уметности во регионот на Балканот, а е наменет за младата популација. Проектот е поддржан од Балканскиот фонд за култура и уметност (BAC) и се реализира во партенрство со: Станица- Служба за современ танц од Белград, Србија; ГЕМ-центар за едукација на младите од Травник - Босна и Херцеговина; ТАЛА-Танц центар од Загреб, Хрватска и Времената Културр АВ (SVB) од Стокхолм, Шведска.
Централен дел на проектот се децата, нивната позиција во општеството и прашањата што се важни за нивното доусовршување и иднина. Фокусот на Генератор е ставен на искористување на потенцијалот на изведувачките уметности и поврзаните пракси кои нудат посебни комуникациски алатки за децата, преку кои се воведуваат и воспоставуваат нови системи на вреднувања. Исто така, проектот има за цел преку употреба на уметностите да ги истакне релевантните и чувствителните прашања за децата од различна перспектива.
Генератор се спроведува низ различен сет на креативни алатки кои служат за образование на децата во различни институции како градинки, театри, балетски центри и простори, основни и посебни училишта и семејствата.

Главни активности во периодот 2014-2015 се истражување на локални политики и пракси во полето на едукација на децата во изведувачките уметности, креирање програми за систематски развој на танцовиот театар за деца, реализација на лаборатории за танц за деца водени од театарски уметници и кореографи, работилници со уметници и едукатори (интердисциплинарен трансфер на знаење), изработка на *Прирачник за театар и Вежбанка за танц и движење* за деца од предшколска возраст, наменета за воспитувач(к)и во градинките.

### 3. ПРОЕКТ КИНО КУЛТУРА

Кино Култура е проект, иницијатива на Театар на Навигатор Цветко и Локомотива-Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, поддржан од општина Центар како партнер на проектот. Примарна цел на Кино Култура е да обезбеди простор за развој на современите изведувачки уметности и современата култура, во соработка со други партнери и организации од сцената. Идејата е Кино Култра да стане место за професионалната и пошироката заедница, простор во кој ќе може да ко-управувме и ко-создаваме.
Иницијлано Кино Култура разви четири програмски насоки, кои ќе ги развива заедно со зедницата преку отворен пристап и стимулирање на само-организација. Почетните програмските насоки се: *Театар Навигатор*, *Локомотива*, *Слободна сцена* и *Заедно*. Првите две програмски насоки се во линија на она што организциите и професионалците во нив веќе долго време го развиваат и работат. Програмата Слободна сцена се развива во соработка со претставници на независната културна сцена и пошироки1от граѓански сектор, индивидуалци, и неформални групи. Додека Заедно, е посветена на развој на социо-културни

активности за пошироката заедница, а опфаќа и програми за деца, возрасни итн. Програмските линии Театар Навигатор и Локомотива се развиени од програмски уредници, додека Слободна сцена и Заедно се програмски линии отворени за предлози, не се регулирани од селекциски процес и не се дефинирани преку естетски критериуми ниту програмски или кураторски концепт.

Програма на отворање на Кино Култура (декември, 2015 година)
22 декември - најава за отворање на просторот со концерт на македонскиот бенд Фолтин
23, 24 декември - свечено отворање со скопска премиера на театарската претстава *Ајнштајновите соништа* по текст на Алан Лајтман, драматизација на Русомир Богдановски, музика на Златко Ориќански, костими на Розе Трајческа Ристевска, во режија на Слободан Унковски.
Претставата е ко-продукција помеѓу Театарот на Навигаторот Цветко, Скопје и театарот "Војдан Чернодрински" при ЦК "Марко Цепенков"– Прилеп.

25 декември - театарска претстава *Солун, град на духови* по текст на Русомир Богдановски, инспириран од истоимената книга на Марк Мазовер, музика на Златко Ориќански, во режија на Слободан Унковски.

Претставата е продукција на Театарот на Навигаторот Цветко, Скопје, направена со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија и на Музејот на холокаустот на евреите од Македонија.

Повеќе за тековната програма и за програмата во изминатите месеци на ФБ страната на Кино Култура
https://www.facebook.com/KINO-Kultura-1708197559417936/?fref=ts

**Локомотива– Центар за нови иницијативи во уметноста и културата**
Ѓуро Ѓаковиќ 39/3, 1000 Скопје, Македонија
тел/факс: +38923245726, www.lokomotiva.org.mk, contact@lokomotiva.org.mk